YU ISSN 0350-6452

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

8-9

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

YU ISSN 0350-6452

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Списанието се печати со средства на Републичката заедница на културата и Друштвото на историчарите на уметноста на СРМ

Печати Граф. завод „Гоце Делчев“, Скопје, Тираж 1 000 примероци

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
Год. VI Бр. 8—9, 1981—1982
СПИСАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА ОД СРМ, СКОПЈЕ

L'ART PLASTIQUES
Ann. VI № 8—9, 1981—1982
REVUE DE LA SOCIETÉ DES HISTORIENS DE L'ART DE LA REPUBLIQUES SOCIALISTE MACEDOINE, SKOPJE

Редакциски одбор:
Проф. Димче Коцо, академик
Д-р Константин Петров
Д-р Петар Миљковиќ-Пепек
Д-р Борис Петковски
Д-р Антоние Николовски
Д-р Коста Балабанов
Љубица Дамјановска
Загорка Расолкоска—Николовска
Трајан Витларски

Comitéde la redaction
Prof. Dimče Kotzo, academique
D-r Konstantin Petrov
D-r Petar Miljković-Pepek
D-r Boris Petkovski
D-r Antonie Nikolovski
D-r Kosta Balabanov
Ljubica Damjanovska
Zagorka Rasolkoska—Nikolovska
Trajan Vitlarski

Одговорен уредник
Д-р Антоние Николовски

Секретар
Загорка Расолкоска—Николовска

Технички уредник
Трајан Витларски

Јазична редакција
Евтим Манев

Графичко решение
Спиро Ристиќ

Redacteur en chef
D-r Antonie Nikolovski

Secrétaire
Zagorka Rasolkoska—Nikolovska

Rédacteur technique
Traian Vitlarski

Lecture
Evtim Manev

La solution graphique
Spiro Ristić

Адреса: СОЗТ Музеи на Македонија, Скопје
Adresse: SOZT Musée de la Macedoine, Skopje

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА СРМ — СКОПЈЕ

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ 8–9

(1981–1982)

*ОВОЈ ДВОБРОЈ Е ПОСВЕТЕН НА 40-ГОДИШНИНАТА НА НАРОДНОТО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА И СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕВОЛУЦИЈА*

СКОПЈЕ — SKOPJE
1983.

## СОДРЖИНА — SOMMAIRE


Стр.
Pag.

*Студии и расправи*
*Etudes*

*Борис Петковски*, Македонското монументално сликарство на теми од НОВ и Револуцијата 7

*Boris Petkovski*, La peinture monumentale macedonienne avec des themes de la guerre de liberation nationale et de la revolution — — — — 7

*Љубица Дамјановска*, Одразот на Револуцијата во македонското графичко творештво — — — — — — — — — — — — — — — — 47

*Ljubica Damjanovska*, Le reflet de la revolution dans la creation graphique macedonienne — — — — — — — — — — — — — — 47

*Владимир Величковски*, Револуционерната тематика во македонската скулптура — — — — — — — — — — — — — — — — — 53

*Vladimir Veličkovski*, La theme revolutionnaire dans la sculpture macedoine 53

*Константин Петров*, Кон прашањето за авторското сигнирање во средновековната уметност — — — — — — — — — — — — — — 59

*Konstantin Petrov*, De la question de lídentification d'auteur dans l'art du moyen age — — — — — — — — — — — — — — — — — 59

*Цветан Грозданов*, Култот на цар Самоил кон Ахил Лариски и неговиот одраз во ликовната уметност — — — — — — — — — — — 71

*Cvetan Grozdanov*, Le culte du tzar Samoil pour Achille de Larice et son reflet dans la creation artistique — — — — — — — — — — — 71

*П. Миљковиќ-Пепек*, Црквата Св. Ѓорѓија во с. Речица — — — — — 85

*P. Miljković—Pepek*, L'eglise Saint Georges du village de Retchitza — — 85

*Загорка Расолкоска—Николовска*, Портретот на Климент Охридски од Матка — — — — — — — — — — — — — — — — — — 105

*Zagorka Rasolkoska—Nikolovska*, Le portrait de Clement d'Ohrid de Matka 105

*Трајан Витларски*, Гробјанската црква Св. Петка во с. Младо Нагоричино 111

*Trajan Vitlarski*, L'eglise „St. Parasceve" du village de Mlado Nagoritchino 111

*Критички осврти*
*Aperçus critiques*

*Златко Теодосиевски, Томо Владимирски* — — — — — — — — — 127

*Zlatko Teodosievski, Tomo Vladimirski* — — — — — — — — — — 127

*Богдан Мусовиќ,* Ликовна колонија како производ и како потреба на нашето време — — — — — — — — — — — — — — — — 131
*Bogdan Moussovitch,* La colonie des artistes comme production et besoin de notre temps — — — — — — — — — — — — — — — 131

*Критики и прикази*
*Comptes rendus*

*Викторија Васева—Димеска,* По повод наградата „Нерешки мајстори" за сликарство и скулптура на 36, изложба на ДЛУМ — — — — — — 135
*Victorija Vasseva—Dimeska,* A l'occasion de la prix „Maitres de Nerezi" — 135

*Антоние Николовски, Борис Петковски:* Современото Македонско сликарство — — — — — — — — — — — — — — — — — — — — 139
*Antonie Nikolovski, Boris Petkovski:* La peinture macedonienne contemporaine — — — — — — — — — — — — — — — — — — 139

*Јасминка Чокревска Филип,* Ernst Kitzinger „Byzantine art in the making-main lines of stylistic development in Mediterranean art 3—7 th centry.", London, 1977 — — — — — — — — — — — — — — 143
*(Jasminka Çokrevska Filip)* Ernst Kitzinger „Byzantine art in the making-main lines of stylistic development in Mediterranean art 3—7 th century.", London, 1977 — — — — — — — — — — — — — — 143

*Јасминка Чокревска Филип, В. Н. Лазарев,* „Московская школа иконописи" — — — — — — — — — — — — — — — — — — 147
*Jasminka Čokrevska Filip, V. N. Lazarev,* „Московская школа иконописи" 147

*Хроники*

*Соња Панчевска,* Хронологија на настани од областа на македонската современа ликовна и применета уметност јануари—декември 1981 151
*Sonia Pančevska,* Chronologie des évènements de la domain de l'art plastique macedonienne-contemporaine et appliquée, janvier-décembre 1981 151

*ЉУБИЦА ДАМЈАНОВСКА*

# ОДРАЗОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА ВО МАКЕДОНСКОТО ГРАФИЧКО ТВОРЕШТВО

По цртежот, како најнепосреден и комуникативен медиум за искажување на уметничката мисла, графиката се јавува како мошне погодна за изразување и на највозвишената тема на нашето современо живеење — Револуцијата. Многу познати југословенски уметници создале графички дела содржински и идејно поттикнати од величината на НОВ и Револуцијата. Овие дела, покрај тоа што во себе обединуваат документарни и ликовни компоненти, и со своите високи естетски вредности остануваат забележани во историјата на современата југословенска уметност (Божидар Јакац, Франце Михелич, Маријан Детони, Златко Прица, Едо Муртиќ, Бранко Шотра. Пиво Караматиевиќ, Ѓорѓе Андреевиќ-Кун, Исмет Муезиновиќ, Војо Димитриевиќ и др.).

Меѓутоа, во Македонија, додека за современото сликарско и скулпторско творештво постои богата ликовна традиција (икони, фрески, резба и сл.), одгледувана на нејзината почва со векови, за развиток на графиката, во смисла на одржување континуитет, речиси нема основа. Не постоеле услови: ниту традиција, ниту техничко-технолошки можности за изведба. Во предвоениот период, графиката во Македонија се појавува само како инцидентна епизода; покрај сликарските опуси на македонските основоположници и со мошне скромните графички почетоци од тој период, останува на маргините на македонската модерна уметност. Така, Никола Мартиноски, Василие Поповиќ-Цицо и Борко Лазески реализирале во техника на дрворез и линорез со скромни ликовни и техничко-технолошки резултати по неколку графички листови главно обоени со социјална содржина, која впрочем и во севкупното југословенско творештво се јавува како предвесник на уметноста на Револуцијата.

И во текот на НОВ и Револуцијата (1941—1945) во Македонија речиси не постои оригинална графика. Поголем број од македонските уметници стапија во редовите на партизанските борбени единици во втората половина или кон крајот на 1944 година, вклу-

чувајќи се во агитационо-пропагандните одделенија на македонските бригади, кои веќе го завршуваа својот победоносен поход за конечното ослободување на Македонија. Во тој период во бригадите постојат нешто посредени услови за културен развиток. Македонските уметници даваат значаен придонес во обликувањето на пропагандниот материјал и подготвувањето на техниката за илустрирање на првите броеви на партизанските весници. Зачувани се илустрации за одделни броеви од партизанскиот печат, во кои ликовни прилози во техника на дрворез има реализирано *Ангеле Ивановски* (1913). Дрворезите „Ранет борец" и „Борби кај Дебар" од 1944 г., се одликуваат со недоизграден графички израз, со ликовно-документарен карактер, повеќе како мали ликовни забелешки за едно тешко, изминато време од нашата историја.

*Борко Лазески* (1917), со веќе стекнато искуство во графичките техники за време на студиите во Белград (кај професорот Љубо Ивановиќ), покрај повеќе циклуси цртежи од овој период, направи и еден дрворез „Крај Берово" (1944), во кој обработува тема поврзана со теророт на окупаторот. Со црно-бели односи и упростен цртеж во графичкиот израз, Лазески внесува и определена драматична атмосфера на настанот. Истиот мотив бил отпечатен и на Проглasот за пријавување на предавниците и воените злосторници (печатен во печатницата „Гоце Делчев" во Скопје во 1944 година.)

Во наједноставна техника на дрворез (подлога) *Нико Този* (1924) има реализирано неколку портрети со ликови на борци и команданти од НОВ, како и илустративен материјал за потребите на редакциите.

Во македонските бригади учествуваше и познатиот графичар *Бранко Шотра* (1906—1960), кој пред војната работеше како ликовен педагог во Резбарското училиште во Охрид. Покрај ангажманот за изработка на печатот на Главниот штаб на Македонија, во тоа време изработи и повеќе скици, кои по војната му послужија за реализација на неколку циклуси графики со теми од животот на партизаните на Шар Планина.

По ослободувањето на земјата, а особено со формирањето на Графичкиот отсек при Училиштето за применета уметност во Скопје во 1948 година, се поставуваат вистинските темели на современата македонска графика. Постепено и континуирано, сè по нагорен пат, се развива графичкиот израз во Македонија, за да го доживее својот вистински подем во осмата деценија на нашиов век.

Македонската графичка продукција опфаќа повеќе издиференцирани внатрешни движења, кои во себе содржат и драгоцени индивидуални вредности. Како резултат од слободата на уметничкото творештво во нашата земја, особено почнувајќи од шестата деценија, се развива творештво, стилски и содржински мошне разновидно и богато. Во сликарството, па и во скулптурата, Револуцијата мошне често се јавува како предизвик и инспиративен поттик на уметниците. Тоа услови создавање на повеќе сликарски и скулпторски дела проникнати со револуционерна содржина. Меѓутоа, во графиката на македонските уметници многу поретко се сре-

ќаваме со револуционерни содржински белези. Но она што е настанато, само од неколкумина автори, е проникнато најискрено со таа ангажирана тематска определба и не е обусловено од порачки по повод разновидни прослави или одбележувања на јубилеи.

Речиси целокупното творештво на македонскиот графичар *Божин Барутовски* (1931) е насочено кон ликовно искажување на содржини од нашето поблиско историско минато. Во почетокот свртен кон теми од секојдневието на македонскиот работен човек, со логичен континуитет во натамошната креативна постапка, Барутовски еволуира кон длабоко ангажирана содржина во својот графички израз, кон ликовно пренесување на сеќавања од поновата историја на нашиот народ и неговите страдања во војната. Во техника на дрворез и линорез тој изработи неколку циклуси со повеќе графички листови: „Варијации од концентрационен логор" (прикажани на самостојна изложба во Скопје во 1962 година); „Варијации на тема војна" (самостојна изложба во Скопје во 1967 година) и „Логори" (самостојна изложба во Скопје во 1977/78 година, во рамките на големата сојузна изложба „Антифашистичката борба на југословенските народи во бившите затвори и концлогори за време на II светска војна во делата на југословенските уметници").

Во своето графичко творештво Барутовски ги евоцира маките во нацистичките логори на смртта преку специфична, експресионистички нагласена, стилизирана и упростена композиција, во која фигурата е сведена на симбол на страдањата. Редуцираните од детали фигури се распоредени во композиции со строга геометриска шематичност. Цртежот е рудиментарен, експресијата постигната со тензија на темни и светли маси, со контрастите меѓу длабоко црно и јасно бело. Композицијата обично ја изградува врз црна основа на која фрагментарно во одделни делови прикажува аскетски човечки фигури, без продлабочување на просторот, кој е недефиниран и речиси дводимензионално решен. Применува и своевидна арабеска и нагласен ритам во распоредот на ликовните елементи во рамките на композицијата. Во контекстот на таа стилизирана геометризација на формите се присутни и елементи на оп-артот, а во одделни партии со сплет на потенки линии постигнува транспарентност и раздвиженост.

Неговите линорези и дрворези: „Јама", 1963, „Сеќавање за 1942", 1963, „Поблиску до злото", 1965, „Последно збогум", 1967, „Печат на минатото", 1967, „Сведоци", 1970, „Македонска трагедија", 1970 и многу други се излагани на повеќе изложби посветени на одбележувањето на разновидни јубилеи. Со нив тој ја има претставувано Македонија и на повеќе сојузни изложби, како и на меѓународната изложба „Борба за мир против војната" во Берлин во 1967 година. Повеќепати учествувал и на сојузната изложба „НОВ во делата на југословенските уметници" во Белград, а во 1966 година ја добил и II награда за графика, како и I награда за графика на изложбата „Нашето историско минато" во Скопје во 1971/72, Сојузната 4-јулска награда во 1972 година и др.

*Петар Хаџи Бошков* (1928), по вокација скулптор, но исто така познат како инвентивен и добар графичар, во својот мошне богат естетско-стилски и содржински графички опус повремено се определува и за ангажирана тематика. Кон неа тој инцидентно се свртува уште многу порано, кога ги прави своите почетоци во графиката, ориентиран кон своевидна, експресионистичка и робусна по форма фигурација, со ефекти само врз црно-белото („Воин", дрворез, 1959 година).

Нешто подоцна, како веќе афирмиран графичар, создаде и неколку циклуси графики во техника на монолитографија: „Човек и пејзаж 1941—1945": „Колони" и „Бесилки за сите времиња и простори" (1967—1969 година), во кои почетен инспиративен поттик се војната и страдањата на човекот во неа. Со асоцијација за конкретни настани, Хаџи Бошков изградува специфична организација на композицијата, во која на темнокафеава основа со нагласена вертикала на симболичен начин сугерира мрачен и морничав простор. Во третманот на просторот применува нагласена ритмика во напластувањето на теренот, врз кој се поставени бесилките. Столбот на бесилката е материјализиран и наведува на сличност со неговите скулпторски решенија изведени во метал. Издолжените и стилизирани фигури, сместени во тие бизарни, неопределени простори дејствуваат како визија на авторот за нешто морничаво, доживеано или осознаено во потсвеста. Со својата едноставност и сугестивност, со прочистената ликовна визија која добива епска димензија, истовремено и надреалистички интонирана, овие графички листови на Хаџи Бошков спаѓаат меѓу најуспешните остварувања со револуционерна содржина не само во македонското графичко творештво, туку воопшто во современата македонска ликовна уметност. За монолитографиите од циклусот „Човек и пејзаж 1941—1945" на изложбата „25 години АСНОМ" во Скопје, во 1969 година, тој добива прва награда за графика.

Уште неколку македонски уметници, инцидентно, спонтано или по повод изложби посветени на Револуцијата, направиле графики содржински поврзани со оваа тема. Така скулпторот *Боро Крстевски* (1931), кој во своето творештво (скулптура и цртеж) е главно заинтересиран за судбоносните настани во Втората светска војна, особено за судбината на македонските Евреи, нивното прогонување од родното место и трагичниот крај во логорите на смртта во Треблинка, во техника на литографија направи и една графика *„Логораш"* (1958), со нагласена драматичност и експресија во третманот на логорашот и просторот во кој е сместен.

*Иван Велков* (1930), сликар, во првите години на своето творештво работеше графики, меѓу кои е настанат и дрворезот „Сутјеска 1943" (1960), во кој драматичниот настан е искажан со кубистички решенија блиски на авторот во тој период.

*Ацо Филиповски* (1935), покрај многубројни графички листови лирски интонирани или пак инспирирани од декоративните елементи на нашиот фолклор, пројавува повремено во своето творештво интерес и кон обработка на теми со револуционерна содржина. Сво-

јата визија за конкретен настан ја сместува во недефиниран простор, во кој реалното се појавува во алтернација со сновиделечкото и во кои симболиката се јавува како битен елемент. Така, во техника на линорез Филиповски ги изработува графичките листови „На вечна стража“ (1976) „Патоказ“ (1976) и др.

Уметници кои во своето творештво се главно ориентирани кон апстрактниот начин на изразување, кога се определуваат за вака конкретни и ангажирани содржини, обично мотивот го сведуваат на симбол или пак нагласена драматика, во која идејата е повеќе алузивна отколку реалистички „читлива“. Така, *Томислав Крмов* (1937), графичар, во комбинирана техника се допира инцидентно и до овие содржини, во кои конкретен настан или лик се јавува фрагментарно во апстрактната организација на композицијата: „Портрет на победник“ (1971), „Портрет на воин“ (1970) и др.

Спомнативе графички дела, иако малобројни, секако ќе останат одбележани во историјата на современото македонско графичко творештво, како дела во кои Револуцијата и НОВ нашле свој вистински одраз и во кои најчесто ликовните вредности се наоѓаат на преден план.

*LJUBICA DAMJANOVSKA*

**LE REFLET DE LA REVOLUTION DANS LA CREATION GRAPHIQUF MACEDONIENNE**

**— Resumé —**

Le dessin étant le médium le plus immédiat et communicatif pour l'expression de la pensée artistique, la graphique présente un façon très favorable et suprême pour exprimer des thèmes de notre vie contemporaine — de la Révolution.

En Macédoine, l'époque d'avant guerre ne se prêtait pas à la création et à la tradition du metier graphique. Le graphisme se présente accidentalement à côté des oeuvres des fondateurs macédoniens, généralement d'un „couleur social“. Durant la Guerre de libération nationale et la Révolution les créateurs macédoniens ont apporté une grande contribution dans la préparation de la technique pour illustration des premiers numéros des journeaux partisans, où l'art figurative siunit au documentaire.

Après le libération du pays, le graphisme contemporain macédonien se développe progressivement et continuellement, d'un mouvement ascendent. On trouve des traces révolutionnaires dans la création de plusieurs artistes: Božin Barutovski (dont l'oeuvre est entièrement tournée vers ce thèmes), Petar Hadji Boškov, l'auteur de plusieurs cycles graphiques, dont le départ sont la guerre et les sacrifices humains. Accidentallement, ce thème se retrouve chez d'autres auteurs: Boro Krstevski, Ivan Velkov, Aco Filipovski, Tomislav Krmov.

Peu nombreuses, mais variées pour l'expression stylistique et esthétique et les techniques graphiques, ces oeuvres resteront sighalées dans l'histoire de la création moderne graphique macédonienne, comme oeuvres dont les valeurs artistiques dominent.




Божин Барутовски „Јама 1943", линорез, 1963



Петар Хаџи Бошков „In memoriam“, од циклусот „Бесилки за сите времиња и простори“, монолитографија, 1968

